**20111603511**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 6-а став (2) од Законот за царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05, 107/07 и 135/ 11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УВАЖУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на одлука за уважување на барањето за превземање на царински дејствија односно заради недонесување на одлука за одбивање на барањето за превземање на царински дејствија во рокот утврден во член 6 став (6) од Законот за царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: “Барање заради недонесување на одлука за уважување на барањето за превземање на царински дејствија односно заради недонесување на одлука за одбивање на барањето за превземање на царински дејствија“,во формат А4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 од овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-36811/1
11 ноември 20011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА СКОПЈЕ**

**Број----------------**
**Датум--------------**

**БАРАЊЕ**
**заради недонесување на одлука за уважување на барањето за превземање на царински дејствија односно заради недонесување на одлука за одбивање на барањето за превземање на царински дејствија**

Од___________________________________________________________________________
(назив на правно лице/ име и презиме на физичко лице )

_____________________________________________________________________________
(седиште на правно лице/ адреса на физичко лице)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 6-а став (3) од Законот за царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, да се постапи по барањето за донесување на одлуки за уважување на барањето за преземање на царински дејствија од царинските органи поднесено под број-----------на ден -------------до надлежниот царински орган -----------------во ---------, чија копија се доставува во прилог.

**Подносителот на барањето**

_______________________________